Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

# ЕТИЧКИ КОДЕКС

за претседателот, членовите и стручно-административната служба на Инспекциски совет

Декември, 2024

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

(1) Со овој кодекс се уредуваат основните етички начела, правила и стандарди на однесување на претседателот, членовите и стручно-административната служба на Инспекцискиот совет (во понатамошниот текст: вработените во Советот).

(2) Целта на овој кодекс е зачувување и афирмирање на достоинството и угледот на Инспекцискиот совет.

(3) Овој кодекс има за цел и да ја зголеми довербата на граѓаните и јавноста во основните вредности за кои ќе се залагаат, како и во интегритетот на претседателот и членовите на Инспекцискиот совет.

Член 1

## ОСНОВНИ ЕТИЧКИ НАЧЕЛА

(1) Вработените во Советот во вршењето на својата функцијата ги почитуваат и се придржуваат до основните етички начела, стандардите и правилата за професионално однесување, како што се: непристрасност и неутралност во работењето, самостојност во вршењето на задачите, лојалност кон комисијата, транспарентност, доверливост и судир на интерес.
(2) Етичките стандарди и правилата на однесување на вработените во Советот ги применуваат во односите со колегите, со претпоставените и со странките, на неговото работното место, но и во приватниот живот и јавноста.
(3) Вработените во Советот ги почитуваат законските прописи и никогаш не работат незаконски, непрописен или неморален начин.
(4) Вработените во Советот ги извршуваат работите посветено и професионално, самостојно и навремено, посветувајќи внимание и почитувајќи ги правилата, процедурите, приоритетите и редоследот на задачите.
(5) Вработените во Советот работат на свое постојано стручно усовршување и зајакнување на работните компетенции и вложуваат во своето образование и лична надградба. Тие го користат наученото за подобрување на својата работа и развојот на институцијата и придонесува во градењето и одржувањето на институционалната меморија.
(6) Вработените во Советот во работењето и однесувањето постапуваат непристрасно, без предрасуди и без намера за остварување на лична корист или амбиција.
(7) Вработените во Советот во своето работење и однесување ги промовираат демократските вредности и владеењето на правото и се залагаат за вклучување на граѓаните и засегнатите страни во процесот на креирање на

политиките, со почитување на принципите на хуманост, еднаквост и социјална правда.

(8) Вработените во Советот се непристрасни и неутрални при вршењето на својата функција. Тие ја извршуваат својата работа на политички неутрален начин и не застапуваат свои и други политички уверувања во вршењето на задачите и при службените контакти.

(9) Вработените во Советот со својот личен пример ги промовираат вредностите како вистинитост, чесност и правичност и работат и се однесуваат со цел на заштита на јавниот интерес, на угледот на Инспекцискиот совет и на нивниот личен углед.

(10) Вработените во Советот не се доведуваат во состојба на судир на личниот со јавниот интерес и се спротивставуваат на секое нечесно, несовесно и недолично однесување во Инспекцискиот совет. Во своето работење, ќе го застапуваат јавниот интерес, правата и интересите на сите граѓаните и другите субјекти во заедницата, имајќи ги предвид развојните цели на општеството.

(11) Вработените во Советот им обезбедува вистинити, соодветни, навремени и целосни информации на граѓаните и јавноста, притоа почитувајќи го правото на приватност и заштитата на личните податоци и ги третираат информациите до кои доаѓаат во своето работење почитувајќи го системот на степенување на класифицирани информации.

(12) Советот редовно ја известува јавноста за својата работа преку средствата за јавно информирање и веб страницата на Инспекцискиот совет, на прес-конференции, брифинзи, преку соопштенија и други форми за известување.

**Член 2**

## ОДНЕСУВАЊЕ НА РАБОТНОТО МЕСТО, ПРИВАТНИОТ ЖИВОТ И ЈАВНОСТА

(1) Вработените во Советот, во приватниот живот и во јавноста се однесуваат достоинствено и не постапуваат на начин со кој би се нарушил нивниот углед и угледот на институцијата.

(2) Во своето однесување и дејствување надвор од работата, во претставувањето на јавни настани, на социјалните мрежи или во каков било друг облик на комуникација, вработение претставуваат пример за соодветно и достоинствено однесување.

(3) Вработените во Советот во јавните настапи во кои ја претставуваат институцијата изнесува исклучиво официјални ставови на институцијата во согласност со прописите и добиените овластувања и овој кодекс.

### Член 3

## ОДНЕСУВАЊЕ СО СТРАНКИТЕ, КОЛЕГИТЕ И ПРЕТПОСТАВЕНИТЕ

(1) Вработените во Советот остваруваат отворена и редовна комуникација со граѓаните и правните лица, користејќи различни средства и начини за да ги информира за новините од делокругот на работење на институцијата. Кон странките се однесуваат љубезно, учтиво, со јасно објаснување, должна почит и водење сметка дека истите се обраќаат заради остварување на нивните права, обврски и интереси.

(2) Вработените во Советот на предлозите добиени од странките им пристапуваат отворено и сериозно и постојано работи на подигнување на квалитетот на јавните услуги и на општественото живеење.

(3) Вработените во Советот во односот со колегите го негуваат духот и начелата на тимска работа, взаемно почитување, уважување на различностите, солидарност и соработка. Ја почитуваат приватноста и дискрецијата на колегите и соработниците, одбегнувајќи непрофесионален и субјективен пристап.

(4) Вработените во Советот преку отворена и искрена соработка градат меѓусебна доверба и ја унапредуваат организациската култура, со цел обезбедување на ефикасност и ефективност во работењето и висококвалитетни услуги за странките.

(5) Промовираат грижа за колегите и работат на заштита и унапредување на остварувањето на нивните права и обврски. Го поттикнуваат професионалниот развој на колегите и соработниците преку споделување на искуството и знаењето.

### Член 4

## ПОВЕРЕНИК ЗА ЕТИКА

(1) Претседателот на Инспекцискиот совет назначува повереник за етика во Советот. Повереникот за етика се назанчува од редот на вработените и е лице кое поседува личен интегритет, углед во инстутуцијата и високи морални вредности. Податоците за повереникот за етика се објавуваат на веб страната на Инспекцискиот совет.

(2) Обврски на повереникот за етика се:

- ја следи примената на Етичкиот кодекс на Инспекцискиот совет;
- ги прима пријавите за неетичко однесување и постапување на вработените;
- го промовира етичкото однесување во меѓусебните односи на вработените, како и однесувањето на вработените спрема странките;
- води евиденција за примените пријави;
- ја преиспитува основаноста на пријавата за неетичко однесување и ја презентира пред Етичкиот комитет.

(3) Повереникот за етика не може да биде повикан на одговорност, ниту доведен во неповолна положба во однос на другите вработени, заради извршување на оваа должност.

**Член 5**

## ЕТИЧКИ КОМИТЕТ

(1) Етичкиот комитет е независно работно тело кое дава мислење за начинот на примена на одредбите од Етичкиот кодекс и постапува по доставените пријави од повереникот за етика.
(2) Етичкиот комитет е составен од координатор и четири члена и нивни заменици од редот на вработените во Советот.
(3) Обврски на етичкиот комитет се:

- да се состанува најмалку еднаш во годината, како и за секое известување за поднесена пријава;
- го разгледува поднесеното известување од повереникот за етика, заедно со приложените докази и дава одговор на поднесената пријава;
- дава предлози за подобрување на етичките стандарди;
- во зависност од видот и тежината на повредата, Етичкиот комитет може да поднесе иницијатива за поведување на дисциплинска постапка до непосредно претпоставениот раководител на вработениот кој ја извршил повредата;
- координаторот на Етичкиот комитет ја потпишува целокупната документација која произлегува од работата на Етичкиот комитет.

**Член 6**

## ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРИЈАВА ЗА НЕЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

(1) Пријава за неетичко однесување може да пријават странки и вработени во Инспекцискиот совет.
(2) Пријавата се поднесува за однесувањето на вработените кои не ги почитуваат одредбите од Етичкиот кодекс и истата се поднесува по писмен пат или на е-адреса на повереникот за етика.

**Член 7**

## ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПОДНЕСЕНА ПРИЈАВА

(3) По примената пријава, во рок од 30 дена повереникот за етика е должен да поведе постапка за испитување на основот на пријавата и да подготви предлог одговор на пријавата.
(4) Повереникот за етика е должен да ја разгледа и анонимната пријава.

(5) За секоја поденсена пријава, повереникот за етика подготвува известување до Етичкиот комитет и во прилог доставува: писмена изјава од вработениот за кој се однесува пријавата, изјави од други вработени и останати соодветни докази за утврдување на основаноста на пријавата, како и предлог одговор на пријавата.

Претседател на Инспекциски совет
Даниела Рендевска

Бр. 01-1188/1

Скопје, 26-12-2024 година

Изработил: Сара Николовска, Раководител на Одделение за финансиски прашања
Проверил: Маја Срезоска, Раководител на Сектор за следење, координација и заеднички работи